# ПРАВИЛНИК ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ И ЗА ИМЕНИК НА ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 183/2019)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите за полагање испит за стекнување на овластување за овластен геодет, начинот на продолжување, потврдување, мирување, престанок и одземање на овластувањето за овластен геодет, формата и содржината на овластувањето за овластен геодет, како и формата, содржината и начинот на водење на Именикот на овластени геодети.

### Услови за полагање на испит за стекнување на овластување за овластен геодет

Член 2

(1) Испит за стекнување на овластување за овластен геодет може да полага лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да има завршен VII/1 степен студии по геодезија или да има стекнати најмалку 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) од областа на геодезијата и
- да има најмалку две години работно искуство на геодетски работи по исполнувањето на условите од алинеја два од овој член.

(2) За полагање испит за стекнување на овластување за овластен геодет лицето од став (1) на овој член поднесува барање за полагање на испит.

(3) Формата и содржината на барањето од став (2) на овој член се дадени во прилог број 1 кој е составен дел на овој правилник.

## II. ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ И ПОТВРДУВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ

### Издавање на овластувањето

Член 3

(1) На кандидатот кој го положил испитот за стекнување овластување за овластен геодет во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот, директорот на Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошниот текст: Агенцијата) му издава овластување за овластен геодет.

(2) Овластувањето од став (1) на овој член се издава за период од пет години.

(3) Овластувањето за овластен геодет се издава во хартиена форма на формат А4.

(4) Формата и содржината на овластувањето од став (1) на овој член се дадени во прилог број 2 кој е составен дел на овој правилник.

### Продолжување на овластувањето

Член 4

(1) Овластениот геодет, шест месеци пред истекот на рокот на важење на издаденото овластување, до Агенцијата поднесува барање за продолжување на овластувањето.

(2) Кон барањето од став (1) на овој член овластениот геодет приложува сертификат издаден од Агенцијата дека во текот на петте години посетувал по 30 часа годишна континуирана едукација од обласата на геодетските работи извршена од страна на Агенцијата, од кои најмалку 20 часа обуки сврзани со катастарот на недвижности, како и доказ за платен надоместок за продолжувањето. Имателот на овластувањето вработен во Агенцијата наместо сертификат доставува потврда за работен однос во Агенцијата.

(3) По барањето од став (1) на овој член на предлог на овластени лица од директорот при комисијата формирана од директорот на Агенцијата, директорот на Агенцијата донесува решение со кое се продолжува или не се продолжува овластувањето за овластен геодет. Комисијата е во состав од три члена од кои претседателот и еден член имаат VII/1 степен студии по геодезија или стекнати најмалку 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) од обласата на геодезијата, а еден член е со VII/1 степен правни студии или стекнати најмалку 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) од обласата на правото.

(4) Решението од став (3) на овој член директорот на Агенцијата го донесува во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

(5) Решението од став (2) на овој член со кое не се продолжува овластувањето за овластен гедоет е конечно и извршно, а против истото дозволена е тужба пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Потврдување на овластување за странски геодетски инженер**

Член 5

(1) Под услови на реципроцитет странски геодетски инженер со овластување од друга држава може до Агенцијата да достави барање за потврдување на овластувањето.

(2) Кон барањето од став (1) на овој член странскиот геодетски инженер од став (1) го прилага овластувањето од друга држава и доказ за платен надоместок на Агенцијата.

(3) На предлог на комисијата од член 4 став (3) од овој правилник, директорот на Агенцијата донесува решение со кое се потврдува или не се потврдува овластувањето на странски геодетски инженер.

(6)Решението со кое не се потврдува овластувањето на странскиот геодетски инженер е конечно и извршно, а против истото дозволена е тужба пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Форма и содржина на барањето за продолжување и потврдување**

Член 6

Формата и содржината на барањето за продолжување/потврдување на овластувањето за овластен геодет се дадени во прилог број 3 кој е составен дел на овој правилник.

**Надоместок за продолжување и потврдување**

Член 7

(1) За полагање испит за стекнување на овластување за овластен геодет, како и за продолжување и потврдување на овластувањето за овластен геодет се плаќа надоместок на Агенцијата.

(2) Висината на надоместокот од став (1) на овој член со одлука ја определува Управниот одбор на Агенцијата.

## „II-а. МИРУВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ

### Барање за ставање во мирување

Член 7-а

(1) Овластениот геодет лично или преку полномошник до Агенцијата може да поднесе барање за ставање во мирување на овластувањето за овластен геодет во случај кога од оправдани причини не може да го продолжи овластувањето или од оправдани причини не можел да посетува континуирана обука, кон кое се прилага доказ за платен надоместок.

(2) Како оправдани причини од ставот (1) на овој член се сметаат: здравствени причини, привремен престој во странство, стручно усовршување, издржување на казна/изречена воспитна/заштитна мерка за период пократок од шест месеци, отслужување на воен рок/вршење на цивилна служба со надомест, притвор, избирање/именување на државна или јавна функција и неплатено отсуство.

(3) Висината на надоместокот од став (1) на овој член со одлука ја определува Управниот одбор на Агенцијата во зависност од направените трошоци, за кои ќе се изготви методологија.

(4) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог број 5 кој е составен дел на овој правилник.

### Решение за ставање во мирување

Член 7-б

(1) По барањето за ставање во мирување на овластувањето за овластен геодет, директорот на Агенцијата донесува решение со кое се става во мирување овластувањето за овластен геодет.

(2) Решението од ставот (1) на овој член, се запишува во Именикот на овластени геодети што се води во Агенцијата, а Агенцијата е должна за промената во Именикот, веднаш да ја извести Комората.

### Рок за мирување

Член 7-в

(1) Со ставање на овластувањето во мирување, на овластениот геодет му мируваат сите права и обврски кои произлегуваат од овластувањето.

(2) Мирувањето на овластувањето може да трае најмногу до пет години.

### Барање за престанок на мирување

Член 7-г

(1) За престанок на мирувањето на овластувањето за овластен геодет, овластениот геодет лично или преку полномошник, до Агенцијата

поднесува барање за престанок на мирување и за организирање на обука од областа на геодетските работи, најдоцна три месеци пред истекот на рокот на мирувањето, кон кое прилага доказ за платен надоместок.

(2) Висината на надоместокот од став (1) на овој член со одлука ја определува Управниот одбор на Агенцијата.

(3) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член се дадени во прилог број 6 кој е составен дел на овој правилник.

**Обука**

Член 7-д

(1) По приемот на барањето за престанок на мирување, Агенцијата го известува овластениот геодет за времето и местото на одржувањето на обуката.

(2) Обуката се организира во рок не подолг од два месеци од приемот на барањето од став (1) на овој член.

(3) За извршената обука од став (2) на овој член, Агенцијата на овластениот геодет му издава сертификат.

**Решение за престанок на мирување**

Член 7-ѓ

(1) По издавање на сертификатот од членот 7-д став (3) на овој правилник, Агенцијата донесува решение за престанок на мирување за овластен геодет.

(2) Решението се запишува во Именикот на овластени геодети што се води во Агенцијата.

(3) За извршената промена во Именикот, Агенцијата веднаш ја известува Комората на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи.

(4) Доколку не се исполнети условите за престанок на мирувањето за овластен геодет Агенцијата со решение го одбива барањето за престанок на мирувањето за овластен геодет.

(5) Решението од став (4) на овој член е конечно и извршно и против истото е дозволена тужба пред управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Одземање на овластување при не поднесено барање за престанок на мирување**

Член 7-е

(1) Доколку во предвидениот рок од членот 7д став (1), овластениот геодет не поднесе барање за престанок на мирување за овластен геодет, Агенцијата со решение го одзема овластувањето.

(2) Агенцијата со решение го одзема овластувањето за овластен геодет и во случај кога на овластениот геодет со решение му е одбиено барањето за престанок на мирување.

(3) Решението од став (1) и став (2) на овој член е конечно и извршно и против истото е дозволена тужба пред управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот.

**Донесување решение**

Член 7-ж

Решението за ставање во мирување, Решението за престанок на мирување и Решението за одбивање на барањето за престанок на мирување за овластен геодет го донесува директорот на Агенцијата на предлог на комисијата од член 4 став 3 на Правилникот.“

III. ПРЕСТАНОК И ОДЗЕМАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕТО ЗА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ

**Престанок на овластувањето**

Член 8

(1)Овластувањето за овластен геодет престанува да важи во следните случаи:

- со смрт на овластениот геодет,
- ако овластениот геодет целосно ја изгуби деловната способност,
- ако овластениот геодет се наоѓа на издржување на казна затвор за извршено кривично дело во вршењето на геодетските работи за кое му е изречена казна затвор подолго од шест месеца,
- доколку овластувањето не му биде продолжено и
- по истекот на рокот на важење на овластувањето.

(2)Престанокот на овластувањето од став (1) на овој член се запишува во Именикот на овластени геодети што се води во Агенцијата (во натамошниот текст: Именикот), врз основа на доказите за настанувањето на случаите од став (1) на овој член.

(3) За секоја промена во Именикот, Агенцијата е должна за промената, веднаш да ја извести Комората на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи (во натамошниот текст: Комората).

## Одземање на овластувањето

Член 9

(1) Овластувањето за овластен геодет се одзема во следните случаи:

- ако овластениот геодет во извршувањето на геодетските работи не постапува согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на него, како и согласно со правилата и стандардите на геодетската струка,
- ако геодетските елаборати изготвени во писмена форма своерачно не ги потпишува,
- ако геодетските елаборати изготвени во електронска форма не ги потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач,
- ако не ги користи податоците од катастарот на недвижностите и не ги користи само за намената за која се издадени,
- ако му е изречена мерка - забрана за вршење професија, дејност или должност,
- ако овластениот геодет делумно ја изгуби деловната способност,
- ако овластениот геодет во рокот определен во членот 109 став (3) од Законот за катастар на недвижности не поднесе барање за продолжување на овластувањето за овластен геодет,
- ако изготвува геодетски елаборати без претходно извршен премер и увид на недвижностите на самото место,
- ако не посетува континуирана обука од областа на геодетските работи,
- ако овластениот геодет кој не е вработен кај трговец поединец овластен геодет, односно кај трговско друштво за геодетски работи се утврди дека извршува геодетски работи за трговците поединци овластени геодети, односно за трговските друштва за геодетски работи и
- ако се утврди дека при стекнувањето на овластувањето не ги исполнувал условите по однос на видот и степенот на образование, државјанство и работно искуство пропишани со закон.

(2) Организациониот облик при Агенцијата во чија надлежност е вршење на надзорот на работата на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи, при вршењето на надзорот утврдува дали настанала повреда на одредбите од став (1) на овој член.

(3) Доколку се утврди повреда на некои од одредбите од став (1) на овој член, организациониот облик од став (2) на овој член изготвува записник и предлог решение за одземање на овластувањето.

(4) Решението за одземање на овластувањето кое го донесува директорот на Агенцијата е конечно и извршно, а против истото дозволена е тужба пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(5) Врз основа на решението за одземање на овластувањето, овластениот геодет е должен до Агенцијата да го врати издаденото овластување за овластен геодет.

(6) Одземањето на овластувањето се запишува во Именикот.

(7) Агенцијата е должна за промената во Именикот од став (6) на овој член веднаш да ја извести Комората.

## IV.ИМЕНИК НА ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ

### Запишување во Именикот

Член 10

Издадените овластувања за овластен геодет, како и решенијата за продолжување/потврдување, престанок, ставање во мирување, престанок на мирување за овластен геодет и одземање на овластувањата за овластен геодет се запишуваат во Именикот што го води организациониот облик при Агенцијата во чија надлежност е спроведувањето на обуките.

### Водење на Именикот

Член 11

(1) Именикот се води во хартиена и во електронска форма, во вид на книга со формат А4.

(2)На насловната страна на Именикот е отпечатен грбот на Република Македонија и називот на Агенцијата, а под нив е внесен текст: „ Именик на овластени геодети“. На внатрешните страни од Именикот се содржани рубрики во кои се внесуваат податоци за: реден број, име и презиме на овластениот геодет, ЕМБГ, адреса и место на живеење, податоци за контакт (телефон, е-маил), број и датум на издаденото овластување за овластен геодет, број и датум на решението за продолжување на овластувањето за овластен геодет, број и датум на решението за потврдување на овластување за овластен геодет, број и датум на решението за ставање во мирување, број и датум на решението за престанок на мирување, број и датум на решението за одземање на овластувањето за овластен геодет, број и датум на доказот за престанок на овластувањето за овластен геодет, забелешка во која се внесуваат податоци за актите на Управниот суд донесени по повод поведените судски спорови во врска со овластувањата за овластен геодет и други податоци, како и број на страници.

(3) Содржината на ажурираниот Именик без податоците за ЕМБГ е достапна на web страницата на Агенцијата и на Комората.

(4) Формата и содржината на Именикот на овластени геодети се дадени во прилог број 4 кој е составен дел на овој правилник.

**Известување на Комората**

Член 13

Агенцијата е должна за секоја промена на податоците содржани во Именикот веднаш да ја извести Комората на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за овластување за овластен геодет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 132/13).

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува по создавањето на технички услови за спроведување на испитот за овластен геодет согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 115/14).

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ И ЗА ИМЕНИК НА ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТ

( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 183/19)

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Прилог број 1

Приемен штембил на Агенција за катастар на недвижности

**БАРАЊЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ**

Од_______________________________________________, ________________________________.

Име и презиме ЕМБГ

________________________________________________ , ________________________________
.

адреса телефон / e-mail

Кон барањето ги приложувам следните документи:

1.Уверение за државјанство на Република Македонија,

2.Диплома за завршен VII/1 степен Градежен факултет - студии по геодезија или стекнати најмалку 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем од областа на геодезијата,

3.Потврда за најмалку две години работно искуство на геодетски работи по исполнувањето на условите од точка 2,

4.Доказ за платен надоместок за полагање на испитот,

5.Друго:

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

Подносител на барањето

Дата _______________ __________________________________

Прилог број 2

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 108-и од Законот за катастар на недвижности, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, 41/14 и 155/14), Агенцијата за катастар на недвижности издава:

## ***О В Л А С Т У В А Њ Е***

на

______________________________________________________________

/име и презиме/

______________________________________________________________,

/стручна подготовка/

со кое се стекнува со звање **овластен геодет** за вршење на теренските геодетски работи кои се однесуваат на: основните геодетски работи, премерот во функција на востановување и одржување на катастарот на недвижности, геодетските работи за посебни намени, како и на топографските карти.

**Агенција за катастар на недвижности**

Број: ____________________________

**Директор**

______________________________

(ден, месец и година на издавање)

______________________________

(име и презиме)

М.П.

Прилог број 3

Приемен штембил на Агенција за катастар на недвижности

**БАРАЊЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ/ПОТВРДУВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ**

Од____________________________________________, ______________________________.

Име и презиме ЕМБГ

______________________________________________ , ______________________________.

адреса телефон / e-mail

Кон барањето ги приложувам следните документи:

1.Сертификат издаден од Агенцијата за катастар на недвижности дека во текот на петте години сум посетувал по 30 часа годишно континуирана обука од областа на геодетските работи извршена од страна на Агенцијата за катастар на недвижности, од кои најмалку 20 часа обуки сврзани со катастарот на недвижности, односно потврда дек сум во работен однос во Агенцијата за катастар на невдижности,

2.Доказ за платен надоместок за продолжувањето/потврдувањето,

3.Друго:

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

Подносител на барањето

Место и датум __________ ____________________________

Прилог број 4

# АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

# ИМЕНИК НА ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ

| Реден број | Име и презиме | ЕМБГ | Адреса и место | Податоци за контакт | Број и датум на: | | | | | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Овластување за овластен геодет | Решение за продолжување на овластување | Решение за потврдување на овластување | Решение за ставање во мирување | Решение за престанок на мирување | Решение за одземање на овластување | Доказ за престанок на овластување | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

Прилог број 5

Приемен штембил на Агенција за катастар на недвижности

**БАРАЊЕ ЗА СТАВАЊЕ ВО МИРУВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕТО ЗА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ**

Од__________________________________________________,
__________________________________.

Име и презиме ЕМБГ

____________________________________________________ ,
__________________________________ .

адреса телефон / e-mail

Причина за ставање во мирување

______________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________

Кон барањето ги приложувам следните документи:

1.Доказ за платен надоместок за ставање во мирување на овластувањето за овластен геодет

2.Други прилози:

________________________________________________________________________________________________________________________________

Подносител на барањето

Дата ________________                                        ___________________________

Прилог број 6

Приемен штембил на Агенција за катастар на недвижности

**БАРАЊЕ ЗА ПРЕСТАНОК НА МИРУВАЊЕТО НА ОВЛАСТУВАЊЕТО ЗА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ**

Од_____________________________________________________,
___________________________________.

Име и презиме                                        ЕМБГ

________________________________________________________ ,
___________________________________ .

адреса                                        телефон / e-mail

Кон барањето ги приложувам следните документи:

1.Доказ за платен надоместок за престанок на мирувањето на овластувањето за овластен геодет

2.Други прилози:

_________________________________________________________________

_________________________________________________________________

_________________________________________________________________

Подносител на барањето

Дата ________________ _________________________